ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 11-284/1

Дата: 24.02.2015

ДО

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗАВАНИЕ И НАУКА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Ова известување претставува наш заклучок по извршената ревизија на успешност која се однесува на активностите поврзани со оценка на ризиците и можностите за подобрување на ефикасноста во планирањето и организирањето на услугите за сместувањето во студентските домови во Република Македонија, состојбата, опременоста, раководењето со Државните студентски домови, кадровската екипираност, финансиски средства како и мерките и активностите за подобрување на квалитетот на услугите за сместувањето во студентските домови во Република Македонија.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година на тема: „Ефикасност на мерки, политики и проекти за подобрување на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови во Република Македонија“.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да одговори на прашањето: “Дали надлежните институции преземаат мерки, политики и проекти со цел подобрување на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови во Република Македонија“. Со ревизијата извршивме постапки за да се даде оценка за ефикасноста на преземените политики, мерки и активности за подобрување на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови, националната регулатива, планирањето и организирањето на сместувањето во студентските домови, политиките на надлежните институции за реализација на поставените цели, координацијата помеѓу надлежните институции за подобрување на квалитетот на сместување во студентските домови во Република Македонија, кадровскиот потенцијал, опременоста и финансиски средства за остварување на целите, преземените мерки и активности во функција на ефикасно сместување на студентите во студентските домови во Република Македонија.

# РЕЗИМЕ

Респектирајќи ги досега превземените мерки и активности и постигнати резултати за подобрување на квалитетот на сместувањето во студентските домови во Република Македонија од страна на надлежните институции, на мислење сме дека со донесување и усогласување на законската односно подзаконската регулатива, зајакнување, подобрување, надградба на постоечките институционални кадровски финансиски, материјално технички капацитети, подобрување на взаемната комуникација, соработка и координација помеѓу институциите надлежни за студентските домови во Република Македонија, ќе се зголемат можностите и условите за обезбедување на квалитетни услуги за сместување на студентите во студентските домови како и за подобрување на севкупните состојби во наведената област.

При спроведувањето на ревизијата се фокусиравме на оценка на ризиците и можностите за подобрување на функционирањето на Министерството за образование и наука и Државните студентски домови, заради обезбедување на подобри услуги за сместување на студентите во студентските домови во Република Македонија и тоа од аспект на повеќе утврдени ризици во неколку области и тоа:

- законска регулатива од областа студентски стандард, законски и подзаконски акти;
- формирање, организација, надлежност, кадровска екипираност и средства за финансирање на Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат и Државните студенски домови;
- постапка за сместување на студентите во студентските домови, надзор и контрола на Државните студенски домови и
- мерки и активности за подобрување на квалитетот на услугите за сместување во Државните студенски домови во Република Македонија.

Активностите на ревизијата на успешност имаат за цел да помогнат наредните процеси и активности на МОН во соработка со надлежните институции и Државните студентски домови да се фокусираат на исполнување на поставените постулати за подобрување на квалитетот на сместување во студентските домови во Република Македонија.

Состојбите кои се прикажани во овој извештај се резултат на применетите постапки на ревизијата со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби како и креирање на јасни и реални препораки кои надлежните институции треба да ги спроведат.

Периодот кој беше опфатен со ревизијата е определен на 2012 - 2014 година (заклучно со април 2014 година), иако се дадени состојби и настани кои се случиле и претходно и последователно односно до денот на известување од извршената ревизија. Посочената активност досега не била предмет на вршење на ревизија на успешност.

# РЕЗИМЕ

Целокупниот опфат и доказите кои ги обезбедивме со спроведените техники и методологија, ни дадоа основа да утврдиме повеќе состојби:

- утврдивме потреба од изработка на **сеопфатна анализа** со цел утврдување на реалната состојба во која се наоѓаат студентските домови во РМ, потребите, барањата и приоритетите на секој студентски дом поединечно;
- ненавременото донесување на **подзаконските акти,** потребни за непречено функционирање на студентските домови, влијае врз услугите за сместување во студентските домови, квалитетно вршење на дејноста од јавен интерес во јавните установи кои управуваат со студентските домови и врз ефективното и ефикасното спроведување на Законот за студентски стандард;
- потребно е да се изврши евидентирање на градежните објекти зградите, посебните делови од згради и посебните објекти во кои функционираат државните студентски домови во имотни листови како и запишувањето на **правото на сопственост и корисничко право** со цел дефинирање на просторните капацитети со кои располагаат студентските домови;
- воведувањето на **регистар на студентски домови** ќе придонесе за формирање на единствена база на податоци за сите студентските домови во РМ, ќе се добијат информации за бројот на студенти кои можат истите да ги сместат, објектите и површините со кои располагаат;
- потребно е да се разгледа можноста за распишување на **отворен конкурс** за прием на студенти, со цел намалување на роковите предвидени за спроведување на секој засебен конкурс, што ќе ја олесни постапката за прием и сместување, како и за целосно исполнување на сместувачките капацитети и ќе обезбеди дополнителни финансиски средства за студентските домови;
- има потреба од дефинирање на **постапката на сместување** во студентските домови, и обрасците/документите кои се користат во процесот, со цел намалување на можноста од субјективизам во сместувањето, поголема заштита на инвентарот и подобрување на состојбата во областа;
- преку поголема заштита и грижа особено за ново изградените и реконструирани објекти со дефинирање на јасни и конкретни **процедури, мерки, санкции,** кои на долг рок би овозможиле поголема грижа како на одговорните лица така и од корисниците на услугите/студентите;
- да се разгледа можноста од воведувањето на **софтвер за евиденција** на студенти кој ќе придонесе за воспоставување на систем со точни и прецизни податоци за секој студент поединечно во државните студентски домови;
- во насока на подобрување на **квалитетот на услугите за сместување** во студентските домови во Република Македонија, Владата на РМ, МОН и државните студентски домови превземаат активности со чија реализацијата ќе се даде придонес кон подобрување на условите за сместување, поголема афирмација и развој на студентските домови, при тоа водејќи грижа за нивно користење, со цел да се зачуваат и за идните генерации.



*Ревизорска екипа* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________

*2.* ____________________ ____________________

Поголема комуникација и соработка помеѓу Министерството за образование и наука и државните студентски домови како и помеѓу секој студентски дом меѓусебно, ќе придонесе за подобрување на состојбите, за размена на мислења, решавање на определени проблеми кои се значајни за студентските домови, се слични или исти во секој студентски дом и ќе придонесе за создавање на услови, изработка на процедури, евиденции, контроли кои во голема мера ќе придонесат за поголема евиденција, контрола и грижа за студентите кои се сместени во државните студентските домови во РМ.

Укажуваме дека потребно е надлежните институции да ги зајакнат контролите на активностите поврзани со сместувањето во студентските домови.
Исто така потребно е корисниците на услугите/студентите во текот на својот престој во студентски домови да се однесуваат со должно внимание кон опремата, инвентарот, што ќе придонесе за продолжувањето на векот на користење на државните студентски домови.

Со оваа ревизија утврдивме дека е потребно да се преоцени начинот на финансирање за државните студентски домови во Република Македонија, преку утврдување цена за трошоци за сместување и исхрана на студентите според која ќе партиципираат МОН и студентите корисници на услугите. Решавањето на овој проблем, кој повеќе години е актуелен, ќе придонесе за подобрување на финансиската состојба, како и можност поголем дел од средствата да се насочат кон подобрување на целокупната состојба во областа.

Иако е постигнат определен напредок во поглед на создавањето и подобрувањето на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови во РМ, како и активностите кои се планираат да започнат да се реализираат во наредниот период, кои веруваме дека ќе придонесат за подобрување на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови, сметаме дека сеуште постои потреба од обрнување на поголемо внимание на значењето на студентските домови од страна на сите инволвирани страни, што треба да резултира со соодветни/сеопфатни политики и инструменти за подобрување на состојбата во истите, како и потребата од поттик за сите вклучени страни за инвестирање, развој и заштитата на студентските домови, кои во иднина треба да ги користат следните генерации студенти во Република Македонија.

Со сеопфатна и поширока вклученост и организираност на сите чинители во оваа област ќе се придонесе за зголемување на значењето и функцијата на студентските домови во Република Македонија, ќе поттикне нивно одржување, грижа и свесност за значењето на студентските домови, со цел да се зачуваат и за идните генерации. Со имплементација на овие активности, инвестирањето, изградбата, реконструкцијата на студентски домови, ќе се добие ефект на долгорочна основа.



*Ревизорска екипа* *Овластен државен ревизор*
*1.*
*2.*

# РЕЗИМЕ

Ревизијата е на мислење дека се потребни поголеми зафати за да можат државните студентски домови да го пратат трендот на современото живеење и да се создаваат современи услови за сместување на студентите.
Потребно е да се направат квалитативни чекори за студентските домови да станат примамливи како за студентите, така и за други лица кои можат да ги користат овие капацитети во месеците кога во нив не се сместуваат студенти.

Дадовме препораки кои се насочени кон надлежните институции, истите се темелат на резултатите од извршената ревизија и се во функција на подобрување и унапредување на квалитетот на услугите за сместување и живеење во државните студентските домови во Република Македонија.

Добиено е Известување по Нацрт извештајот од одговорното лице на Министерството за образование и наука во кое се известува за преземањето на мерки и активности по однос на дадените препораки во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.



*Ревизорска екипа*
*1.*
*2.*

*Овластен државен ревизор*